Тестирање
МКС EN ISO/IEC 17025
ЛТ – 019
Testing

ISO 9001
Q-1074

**Ј.З.У. ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ - СКОПЈЕ**

ул. 3-та Македонска бригада бр.18 Скопје, тел. 02/3298 667, факс 02/3298 251, www.cph.mk

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА, ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНО-МЕДИЦИНСКАТА ДЕЈНОСТ СО ЗДРАВСТВЕНА СТАТИСТИКА И ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕТО

**На Одделението за социјална медицина во** ЦЈЗ-Скопје и во 2019 година континуирано ќе се спроведуваат задачи и активности во областа на *социјално-медицинската дејност со здравствена статистика и промоција на здравјето*, и тоа на територијата на десетте општини на градот Скопје и на територијата на уште седум рурални општини во границите на Скопскиот регион со вкупно население од 627 558 жители (на 31/12/2017 година - последна достапна проценка од ДЗС на РМ).

Во согласност со важечката легислатива, на Одделението, како овластен носител на здравствена статистика во рамките на Центарот за јавно здравје, редовно и во континуитет, врз основа на постоечките стручно-методолошки упатства и со примена на познатите стандарди ќе се врши прибирање на збирни и индивидуални здравствено-статистички извештаи од сите здравствени установи на подрачјето кое го покрива Центарот, понатаму ќе следи контрола на податоците, компјутерски внес и софтверска обработка со помош на соодветни апликативни програми.

Обработените податоци даваат детален и целосен увид во мрежата на здравствените установи според видот, нивната организациона структура, обезбеденоста со кадар, обемот на извршената работа, утврдените заболувања и состојби во амбулантно-поликлиничката и болничката дејност, понатаму се обезбедува увид во смртноста во болниците, како и увид во одделни аспекти од квалитетот на обезбедената здравствена заштита и сл.

Збирките на податоци ќе овозможат изготвување на извештаи, информации и анализи, со што ќе се обезбедат корисни информации за структурата и работата на здравствениот систем на територијата на Скопскиот регион. Овие информации редовно ќе се објавуваат на веб страната на ЦЈЗ Скопје и истовремено ќе бидат доставувани до ИЈЗ на РМ и преку оваа установа до Министерството за здравство на РМ.

Збирните извештаи за кадар, посети и утврдени заболувања во амбулантно-поликлиничката дејност ќе бидат доставувани во пропишаните формати со полугодишна динамика до ИЈЗ на РМ.

Збирните годишни податоци за кадар ќе бидат во пропишаниот формат прибрани и обработени во целост, со критичен момент на 31/12/2018 година, а потоа во текот на првиот квартал од 2019 година ќе се достават до ИЈЗ на РМ. Во првото полугодие на 2019 година

збирните годишни податоци за кадарот во Скопскиот регион ќе бидат обработени и прикажани со картографска прецизност и преку сите други корисни показатели и во формат на анализа ќе се достават до ИЈЗ на РМ.

Врз основа на податоците обработени за 2018 година во текот на 2019 година ќе бидат издготвени, поставени на веб страната на ЦЈЗ Скопје и во печатена форма доставени до ИЈЗ на РМ анализи, информации и сл. кои ќе се фокусираат на вообичаените топик теми што, пак, ќе овозможи понатамошно временско следење преку одбрани показатели на веќе дефинирани теми како што се: амбулантно-поликлиничкиот морбидитет и болничкиот морбидитет и морталитет, користењето и искористеноста на болничките капацитети, збирен извештај за здравјето на населението на територијата на ЦЈЗ Скопје, приказ на одбрано заболување-здравствена состојба со проминентна актуелност, пр. **ендокрини, нутритивни и метаболички болести, мртвороденоста како индикатор за здравствената состојба, инфективните и паразитски болести во 21-от век и сл.**

Во доменот на здравствената едукација и промоција на здравјето, за нас остануваат и понатаму приоритет децата и младите/адолесцентите од предучилишна и училишна возраст од една страна и старите лица од друга страна. Исхраната, здравите навики за корисна физичка активност, личната хигиена и одржувањето на хигиената во животната средина, ризиците од пушењето, алкохолот, користењето на психотропни супстанци, ризиците од сексуално-преносливите инфекции, превенција на ХИВ/СИДА, одбегнување на прераната бременост, се теми на кои низ интерактивен пристап ќе се работи пред сé во градинките и училиштата, секогаш според однапред дефиниран план и обем, низ предавања, трибини со однапред подготвени презентации и/или печатен промотивен и едукативен материјал. Справувањето со проблемите кои ги наметнуваат хроничните заболувања е фокусот при посетата на домовите за стари лица.

Во ЦЈЗ Скопје ќе се продолжи на работа со заинтересирани лица поврзано со сексуалното здравје и пушењето, ризиците кои ги носат со себе, а во рамките на постоечките советувалишта со веќе обучен кадар.

Вниманието на општата популација на светските денови и недели поврзани со здравјето, главно и понатаму ќе се привлекува со постирање на информативни и едукативни материјали на веб страната на ЦЈЗ Скопје. Тоа и понатаму ќе бидат содржини кои главно ќе се преземаат од светски познати меѓународни организации, часописи и сл. пред сé како што е СЗО и други.

Одделението за социјална медицина и понатаму ќе остане посветено на соработката со ИЈЗ на РМ и со Министерството за здравје на РМ, пред сé во доменот на здравствената статистика и превентивната заштита, во процесот на следење на капацитетите и работата на системот за здравствената, заштита како и во доменот на јакнење на примарната неспецифична превенција кај населението на нашата територија.

**26.09.2018 год.**
**Скопје**

**Стручен колегиум**
**Одделение за социјална медицина**